**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

**Наш број:** 09-9274/1
11. 09. 2023
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022), Секретарот на Град Скопје, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.08/2023 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Раководител на Одделение за поддршка на развој на туризам и угостителство, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за поддршка на развој на туризам и угостителство, Сектор за локален економски развој, се избира кандидатот **Билјана Стојмановска.**
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 21.08.2023 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.08/2023 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана од Секретарот на Град Скопје со Решение за формирање Комисија за селекција за унапредување бр.09-8805/1 од 29.08.2023 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Секретарот на Град Скопје, изготви Финална ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, со којашто за работното место Раководител на Одделение за поддршка на развој на туризам и угостителство, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за поддршка на развој на туризам и угостителство, Сектор за локален економски развој, му предложи на Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Билјана Стојмановска.

Врз основа на гореневеденото, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**Доставено до:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**